Australian Government

Be Connected
Every Australian online.

# Како да го користите Facebook

**Facebook е најпопуларната платформа за социјални медиуми во светот. Ајде да видиме како е најдобро да ја користите.**

## Брз водич низ Facebook

Вашата страница на Facebook е организирана во неколку различни делови. Можете да вршите навигација во секој дел, ако го изберете од опциите во лентата на менито што се прикажува попреку горниот дел на страницата. Еве некои од главните опции:

- вашата **Почетна страница (Home page)** на Facebook се прикажува стандардно, па така, таа е првата страница што ја гледате штом се најавувате на Facebook. Таа ги содржи вашите **Новости (News Feed)**, што се состојат од објави од луѓето и заедниците што ги **Следите (Follow)** на Facebook. Можете да **Коментирате (Comment)** на тие објави, да ги **Споделувате (Share)** или да означите дека **Ви се допаѓаат (Like)**. Можете да се враќате на Почетната страница од други страници ако кликнете на иконата со куќа.
- Кликнете на вашата **фотографија и име (photo and name)** за да одите на страницата на вашиот **Профил (Profile)** на Facebook.




Почетната страница ги прикажува вашите Новости што вклучуваат објави и реклами

- Можете да **пребарувате (Search)** на Facebook, **да наоѓате пријатели (Find Friends)**, **да создавате (Create)** нови страници, **групи (Groups)**, настани и други нешта, да почнете да **разменувате пораки (Messaging)** со пријателите, да ги проверувате вашите **известувања (Notifications)** и да ги менувате **поставките (Settings)** на Facebook користејќи други ставки во лентата на менито.

## Предложени објави и реклами на Facebook

Разни организации му плаќаат на Facebook за да вклучи **предложени (Suggested)** објави во вашите **Новости (News Feed)**. Тие се всушност реклами и може да биде тешко да ги разликувате од објавите што ги објавуваат вашите пријатели. Еве неколку совети што ќе ви помогнат да ги забележите:

- Предложените објави ќе имаат на нив етикета што гласи **Спонзорирана (Sponsored)**, но може да биде тешко да ја забележите. На нив вообичаено ќе има копче **Дознај повеќе (Learn More)**. Ако гледате копче **Ми се допаѓа страницата (Like Page)**, и ако кликнете на тоа копче, објавите на таа организација ќе се објавуваат во вашите Новости.
- Ако кликнете на трите точки (...) што се наоѓаат во горниот десен дел на рекламата, ќе најдете опции со кои можете да ја скриете рекламата или да ја пријавите ако сметате дека е несоодветна.

# Како да го користите Facebook

- Facebook „разбира“ кои реклами ви се допаѓаат, така што „учи“ кои ви се **Пријателите (Friends)** и објавите што ги означувате со **Ми се допаѓа (Like)**. Во поставките на Facebook можете да ги приспособите **Претпочитаните реклами (Your Ad Preferences)** за да контролирате кои **Предложени (Suggested)** објави да ви ги покажува Facebook.

## Измами на Facebook

За жал, некои луѓе го користат Facebook за да се обидат да ве измамат да им дадете пари. Еве на што треба да внимавате за да помогнете да се одбегнат измами на Facebook:

- Највообичаените типови измами на Facebook се **љубовни** / лажни измами за итни случаи и измамите со **лотарија**.
- Љубовната измама, исто така позната и како **„catfishing“**, е кога некој кој не го познавате во реалниот живот гради врска со вас преку Facebook, и откако ќе воспоставите доверба, ве лажат дека имаат некаков итен случај и ви бараат финансиска помош.
- Во измамата преку лотарија, измамникот ве известува дека сте победиле на лотарија, но најпрво мора да платите мал износ пари ако сакате да ја добиете наградата.

Ако се сомневате дека некој сака да ве измами, или ако сметате дека сте биле измамени:

1. пријавете ја измамата кај Австралиската комисија за конкуренција и потрошувачи на**scamwatch.gov.au/report-a-scam**,
2. изменете ги електронските лозинки,
3. ако сте загрижени дека сте изгубиле пари, веднаш контактирајте со банката,
4. побарајте советување и поддршка ако ви треба, за да разговарате за вашето искуство.




Внимавајте на љубовни измами на Facebook

AUSTRALIAN COMPETITION & CONSUMER COMMISSION

Пријавете сомнежи за измами кај ACCC

# Како да го користите Facebook

## Бидете безбедни кога го користите Facebook

Ако следите неколку добри практики, можете да бидете безбедни кога го користите Facebook:

- никогаш не споделувајте лични информации на Facebook, како што е вашата адреса, датум на раѓање или адреса на е-пошта или детали на вашата сметка во банката. Не откривајте кога сте на одмор и дека вашиот дом е празен,
- внимавајте на **Барањата за пријателство (Friend Requests)** од лица кои не ги познавате лично,
- никогаш не кликнувајте на објава од некого кој не го познавате. Бидете внимателни дури и кога го познавате лицето,




Не споделувајте го датумот на раѓање, адресата или деталите на вашата банкарска сметка на Facebook

- **скријте ги (Hide)** објавите што не ви се допаѓаат, **Престанете да ги следите (Unfollow)** лицата или групите ако не ви се допаѓаат нивните објави и **Блокирајте ги (Block)** лицата што ве вознемируваат или објавуваат навредливи содржини.

## Како да се поврзете со други лица и да се приклучите во групи

Едно од најдобрите нешта на Facebook е што можете да се поврзете со лица и групи што со кои имате заеднички интереси и хобија.
Еве како да го правите тоа безбедно:

- Најпрво, можете да ги побарате лицата кои ги познавате користејќи го полето **Пребарај (Search)** во горниот дел на вашата страница на Facebook. Обично ќе најдете голем број лица со исто име, па проверете ги нивните профили за да идете сигурни дека се работи за оној профил што го барате.
- Кликнете на иконата **Групи (Groups)** за да пребарате групи на Facebook што споделуваат интереси слични со вашите. Можете дури да поставите и сопствена група.
- Секогаш треба да бидете внимателни со **Барањата за пријателство**, групите и другите интеракции со непознати лица.




На Facebook можете да пребарувате лица што можеби ги познавате

## Како да ја поставите првата објава на Facebook

Еве како да ја поставите вашата прва објава на Facebook:

1. На вашата **Почетна страница (Home page)** на Facebook кликнете во полето **Што имаш на ум? (What's on your mind?)**.

# Како да го користите Facebook

2. Внесете ја пораката, а потоа кликнете на копчето **Објави (Post)**. Тоа е тоа!
3. Можете да изберете кој може да ги гледа вашите објави: јавни, пријатели или ограничен број пријатели.
4. Можете да вклучите фотографија или видеозапис ако кликнете на копчето **Фотографија/Видеозапис (Photo/Video)**.
5. Можете да создадете објава со **Твоја приказна (Your Story)** ако кликнете во полето Твоја приказна во Новости. Ако не можете да го најдете, кликнете на знакот плус (+) во горната лента на менито и наместо тоа изберете **Приказна** од паѓачкото мени. Објавувањето на Твојата приказна ќе биде видливо само 24 часа.
6. Можете да ги избришете објавите ако одите во вашиот **Профил (Profile)** на Facebook. Прелистајте надолу до објавата или кликнете на копчето **Управувај со објави (Manage Posts)** што се појавува кога прелистувате надолу, за да ви помогне да ја најдете онаа што сакате да ја избришете. Кликнете на трите точки (…) во горниот десен дела на објавата и кликнете на **Избриши (Delete)**.

## Како да одговарате на објави на Facebook

Можете да одговарате на објавите на други лица што се појавуваат во вашите **Новости (News Feed)**:

- Можете да означите некоја објава со **Ми се допаѓа (Like)** ако кликнете на копчето со **палец (thumbs up)** што се наоѓа во долниот дел на објавата. Ако поминете со глувчето преку иконата, ќе се појават неколку е-моџи и можете да кликнете на некое од нив ако претпочитате.
- Можете да го додадете сопственото мислење за некоја објава ако кликнете на **Коментар (Comment)** што се наоѓа во долниот дел на објавата. Внимавајте: ако го притиснете копчето **Назад (Return)** или **Enter** на тастатурата додека внесувате коментар, коментарот ќе се објави веднаш. За да создадете нов параграф, задржете го копчето **Shift** заедно со **Назад** или **Enter**.




Можете да означите објави со „Ми се допаѓа“, да ги споделите или зачувате

- Можете да **Споделите (Share)** објава ако кликнете на **Сподели** во долниот дел на објавата. Така ќе се прикаже список со опции што можете да ги изберете.
- Можете да зачувате објава за да ја прочитате подоцна ако кликнете на трите точки во горниот десен дел на објавата и на **Зачувај објава (Save Post)**. Можете да ја најдете објавата подоцна ако кликнете на **Види повеќе… (See more…)** во левата колона на почетната страница на Facebook и потоа кликнете на **Зачувани (Saved)**.